Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД
Бр. 0201-11
01.04. 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва и член 33 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на ден 01.04.2024 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за стекнување сопствени акции со откуп

Член 1

Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје, по најниска цена од 1.551,00 денари односно највисока цена од 38.000,00 денари за една акција.

Член 2

Откупот на акциите ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од дванаесет месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука.

Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од сметката на Друштвото.

Член 3

Купувањето на акциите според член 1 од оваа Одлука ќе се изврши од посебните резерви издвоени во претходните години.

Член 4

Купувањето на акции спротивно на оваа Одлука е ништовно.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АЛКАЛОИД АД Скопје
Претседавач
Марија Малова